# Република Македонија
# Влада на Република Македонија

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

До: Граѓански организации

Предмет: Покана за консултации за актуелни прашања

Влада на Република Македонија

Канцеларија на Претседателот на Владата

Бр. 08 - 2600/1
09.07.2018

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Факс: (02) 3116 785
www.vlada.mk

Почитувани претставници на граѓански организации,

Во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување политики, Ве покануваме на консултативна средба за актуелни прашања од посебно значење за напредокот на Македонија.

Консултативната средба ќе се одржи на 13 јули 2018 година (петок) со почеток во 20.00 часот, во Свечена сала, Влада на Република Македонија.

На консултативната средба ќе се дискутираат актуелни прашања од важност за напредокот на Македонија, вклучително и структурата на преговори за пристапување на Македонија кон Европската Унија, а во дискусијата ќе учествува и Претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев.

Во текот на дискусијата, од Вас очекуваме да се вклучите во дискусијата и да ги споделите Вашите размислувања, експертско знаење и искуства.

Предвидено е да има по еден претставник од организација. Ве замолуваме да го регистрирате учеството на еден претставник на Вашата организација на следниот линк најдоцна **до 12 јули 2018 година (четврток), 15.00 часот**.

Доколку имате дополнителни прашања, контактирајте со Сања Богатиновска преку е-маил sanja.bogatinovska@vlada.gov.mk или на телефонскиот број 070 391 247.

Со почит,

Шеф на Канцеларијата на Претседателот на Владата
на Република Македонија

Мирјана Јанева